МИНЕРАЛИ ЗА ИДНИНАТА
MINERALS FOR THE FUTURE

РУДНИК ЗА БАКАР | COPPER MINE
БУЧИМ | BUCIM

# Политика за корпоративни општествена одговорност (КОО)

Идентификационен број ПОЛ.000.023
Во сила од 18.05.2026



# Политика за корпоративни општествена одговорност (КОО)

Идентификационен број ПОЛ.000.023
Во сила од 18.05.2026

## Краток опис

Корпоративната општествена одговорност (КОО) ја одразуваат посветеноста на ДПТУ „Бучим“ ДООЕЛ Радовиш за придонес кон одржливиот развој и благосостојбата на заедниците во кои работи.
Оваа политика, како составен дел од рамката за одржливост на Групацијата „Солвеј“, ги утврдува принципите, приоритетите и процесите за планирање, одобрување, спроведување и следење на корпоративните општествени инвестиции. Целта е да се обезбеди дека активностите во областа на КОО создаваат долгорочна и одржлива вредност за локалните заедници, истовремено придонесувајќи за одговорно и стабилно работење на Друштвото.

МИНЕРАЛИ ЗА ИДНИНАТА • MINERALS FOR THE FUTURE
РУДНИК ЗА БАКАР БУЧИМ | COPPER MINE BUCIM

# >| Содржина

**1| Изјава за политиката** **стр. 4**
**2| Цели** **стр. 4**
**3| Подрачје на примена** **стр. 4**
**4| Дополнителни применливи документи** **стр. 5**
**5| Нашиот пристап кон КОО** **стр. 5**
5.1. Позадина и контекст стр. 5
5.2. Пристап и фокус на КОО стр. 6
5.3. Приоритетни области стр. 6
5.4. Општи принципи стр. 6
5.5. Интегиртет и усогласеност стр. 7
5.6. Обврски за буџет и финансирање стр. 8
**6 | Управување и процеси за корпоративна општествена одговорност (КОО)** **стр. 9**
6.1. Подигање на свесност и пристап до програмата стр. 9
6.2. Управување стр. 10
6.3 Апликација за финансирање стр. 10
6.4 Процес на преглед и одобрување стр. 11
**7| Мониторинг и известување** **стр. 12**
7.1 Процес на мониторинг и евалуација стр. 12
7.2. Известување стр. 13
7.3. Анекси стр. 14
Анекс Б: Дефиниции стр. 15
**8| Историјат на промени** **стр. 15**

# 1| Изјава за политиката

ДПТУ „Бучим“ ДООЕЛ Радовиш, како дел од Групацијата „Солвеј“, работи во согласност со групациската мисија за одговорно производство, одржливо управување со природните ресурси и создавање вредност за општеството, придонесувајќи кон транзицијата кон поодржлива и инклузивна економија.
Во таа насока, Друштвото е посветено на создавање долгорочна, одржлива и мерлива вредност за заедниците во кои работи. Програмата за корпоративна општествена одговорност (КОО) претставува систематска и транспарентна рамка преку која, во партнерство со локалните засегнати страни, се идентификуваат, планираат и поддржуваат иницијативи што придонесуваат за подобрување на квалитетот на живот и поттикнување на одржлив развој.
Преку стратешки насочени и одговорно управувани КОО иницијативи, ДПТУ „Бучим“ ДООЕЛ Радовиш поддржува проекти од јавен интерес со долгорочно позитивно влијание, кои придонесуваат за локален економски и општествен развој и зајакнување на општествената кохезија.

# 2| Цели

Целта на оваа политика е да обезбеди дека активностите во областа на корпоративната општествена одговорност (КОО) на Друштвото се планираат и реализираат на транспарентен, одговорен и систематски начин.
Со оваа политика се воспоставуваат:
- јасна рамка за управување, улоги и одговорности за КОО активностите
- критериуми и процедури за планирање, избор и одобрување на иницијативи и проекти
- систем за следење, евалуација и известување за резултатите и влијанието од спроведените КОО активности

На овој начин се обезбедува дека активностите придонесуваат за создавање заедничка вредност за Друштвото и за заедниците во кои делува, преку долгорочен и одржлив пристап.

# 3| Подрачје на примена

Оваа Политика се применува на сите активности во областа на корпоративната општествена одговорност (КОО) на ДПТУ „Бучим“ ДООЕЛ Радовиш, вклучувајќи иницијативи, проекти и партнерства насочени кон поддршка на одржливиот развој и благосостојбата на заедниците.
Политиката е усогласена со принципите, стандардите и насоките за одржливо управување утврдени од Групацијата „Солвеј“ и претставува рамка за нивна практична примена во работењето на Друштвото.

При спроведувањето на оваа Политика, Друштвото доследно ги почитува важечките закони и прописи на Република Северна Македонија, како и релевантните интерни политики и стандарди на Групацијата. Активностите кои се реализираат во форма на донации и спонзорства се спроведуваат во согласност со важечката законска регулатива.
Во случај на неусогласеност помеѓу одредбите на оваа Политика и националните прописи, се применуваат построгите барања.
Политиката се прегледува периодично и се ажурира по потреба, со цел да остане усогласена со законските барања, групациските стандарди и најдобрите практики во областа на корпоративната општествена одговорност.

# 4| Дополнителни применливи документи

Во примената на оваа политика се земаат предвид релевантните политики, стандарди и интерни акти на Групацијата „Солвеј", како и интерните документи на ДПТУ „Бучим" ДООЕЛ Радовиш, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на:
- Кодекс на однесување на Групацијата Солвеј.
- Политика за одржливост на Групацијата Солвеј.
- Стандарди за управување со одржливост на Групацијата Солвеј.
- Политика на Групацијата Солвеј за добротворни донации и спонзорства.
- Политика на Групацијата Солвеј за управување од трети страни.
- Политика за конфликт на интереси на Групацијата Солвеј.
- Политика на Групацијата Солвеј против поткуп и корупција.

# 5| Нашиот пристап кон КОО

### 5.1. Позадина и контекст

Во согласност со принципите и политиките утврдени од Групацијата „Солвеј", корпоративната општествена одговорност се заснова на разбирањето дека деловните активности на Друштвото се нераскинливо поврзани со заедниците во кои тоа делува.
ДПТУ „Бучим" ДООЕЛ Радовиш го применува овој пристап, имајќи предвид дека неговото работење е тесно поврзано со локалната инфраструктура, институциите, партнерствата и поддршката од заедницата. Истовремено, заедниците и регионите во кои Друштвото оперира се потпираат на него како значаен економски субјект кој обезбедува вработување, генерира економска активност и придонесува кон локалниот развој.
Преку своите активности во рамки на корпоративната општествена одговорност, Друштвото систематски ги адресира меѓусебните влијанија помеѓу

деловните операции и заедниците домаќини. Во таа насока, создавањето заедничка вредност и градењето долгорочна доверба и прифатеност од локалните заедници и засегнатите страни претставуваат клучен предуслов за стабилно, одговорно и долгорочно одржливо работење.

**5.2. Пристап и фокус на КОО**

Активностите во рамки на корпоративната општествена одговорност (КОО) на ДПТУ „Бучим“ ДООЕЛ Радовиш се насочени кон долгорочно јакнење на заедниците, поддршка на одржливиот развој и унапредување на општествената кохезија во заедниците домаќини и регионите во кои Друштвото делува.

Насоката и содржината на КОО активностите се утврдуваат врз основа на потребите и предизвиците на заедниците, како и во согласност со деловните приоритети и можностите на Друштвото. Со усогласување на овие аспекти, Друштвото се стреми да создава заедничка вредност за заедницата и за сопственото одржливо и одговорно работење.

Во согласност со овој пристап, приоритет им се дава на иницијативи кои адресираат значајни и недоволно покриени потреби, односно активности кои имаат ограничени можности за реализација без поддршка од Друштвото или каде што неговиот придонес може да резултира со значително позитивно и долгорочно влијание.

ДПТУ „Бучим“ ДООЕЛ Радовиш ја препознава довербата и прифатеноста од локалните заедници како важен предуслов за долгорочно, стабилно и одговорно работење и се стреми да биде сигурен, долгорочен и активен партнер на заедниците во кои делува, преку градење и одржување односи засновани на доверба, транспарентност и взаемна вредност со локалните заедници и засегнатите страни.

Во таа насока, ресурсите за КОО се насочуваат кон внимателно избран број иницијативи каде што ангажманот на Друштвото може да создаде значајна и одржлива вредност, наместо да се распределуваат на голем број активности со ограничено влијание.

**5.3 Приоритетни области**

Приоритетните области за корпоративна општествена одговорност (КОО) се усогласени со мисијата, вредностите и принципите на Групацијата „Солвеј“, како и со целите за одржлив развој на ДПТУ „Бучим“ ДООЕЛ Радовиш.

Во рамки на овој пристап, Друштвото се фокусира на ограничен број иницијативи со потенцијал за значајно и долгорочно влијание, кои придонесуваат за развој на заедницата, образование, здравје, благосостојба, животна средина и локален развој.

Приоритетните области за КОО се дефинирани во Анекс А на оваа Политика.

**5.4 Општи принципи**

ДПТУ „Бучим“ ДООЕЛ Радовиш препознава дека општествените и еколошките предизвици се комплексни и дека не сите иницијативи можат да бидат адресирани преку активностите на Друштвото, ниту пак Друштвото може да биде соодветен партнер за секоја поединечна иницијатива.

Поради тоа, Друштвото применува селективен и стратешки пристап при идентификување и поддршка на иницијативи во рамки на корпоративната општествена одговорност (КОО). Овој пристап е насочен кон оптимално користење на ресурсите и нивно фокусирање кон активности каде што Друштвото може да придонесе со релевантна експертиза, партнерство и поддршка, со цел постигнување значајно и одржливо позитивно влијание.
Во таа насока, Друштвото ги насочува своите активности кон иницијативи во кои неговото учество создава реална додадена вредност, преку интегриран пристап што надминува исклучиво финансиска поддршка.

Активностите во рамки на КОО се водат од следниве принципи:

| **Принцип** | **Опис** |
|---|---|
| **Засновано на потреби** | Активностите во рамки на КОО се засноваат на јасно идентификувани потреби на заедниците домаќини и релевантни аспекти од деловните активности на Друштвото. Одлуките за поддршка се темелат на анализа на локалниот контекст, консултации со засегнатите страни и достапни релевантни податоци. |
| **Стратешка усогласеност** | КОО активностите се усогласуваат со деловната стратегија на Друштвото, неговите цели за одржлив развој и приоритетите на Групацијата „Солвеј". |
| **Ефикасно користење на ресурси** | КОО активностите се планираат и реализираат со рационално, одговорно и транспарентно користење на финансиските средства и другите расположливи ресурси. |
| **Одржливост** | Друштвото поддржува иницијативи кои создаваат долгорочни придобивки и имаат потенцијал да продолжат и по завршување на поддршката, особено преку јакнење на локалните капацитети. |
| **Локална вклученост и развој на капацитети** | Предност имаат иницијативи кои поттикнуваат активно учество на локалната заедница, развој на локални институции и градење одржливи капацитети. |
| **Партнерства со засегнати страни** | Друштвото воспоставува и развива соработка со јавни институции, образовни установи, граѓански организации и други релевантни партнери, со цел постигнување заеднички и одржливи резултати. |
| **Етичност и усогласеност** | КОО активностите се спроведуваат во согласност со вредностите, интерните политики и применливата законска регулатива. Активностите кои се реализираат како донации или спонзорства се спроведуваат во согласност со релевантната законска рамка. |
| **Мерливо влијание и отчетност** | За КОО активностите се утврдуваат соодветни индикатори за следење на резултатите и влијанието. Друштвото обезбедува редовно следење, евалуација и транспарентно известување. |

## 5.5 Интегиртет и усогласеност

ДПТУ „Бучим" ДООЕЛ Радовиш ги спроведува своите активности во согласност со принципите на интегритет, доверба и транспарентност, утврдени во вредностите на Групацијата, Кодексот на однесување и релевантните политики за усогласеност, особено Политиката за усогласеност на Групацијата во однос на добротворни донации и спонзорства.

Политиките и процедурите за набавки и управување со трети страни се применуваат подеднакво и во контекст на активностите во рамки на корпоративната општествена одговорност (КОО).

При спроведување на КОО активностите, Друштвото применува внимателен и селективен пристап при избор на партнери и иницијативи, со цел поддршка на активности од јавен интерес, без создавање лични или приватни придобивки.

Активностите во рамки на КОО не можат да се користат за поддршка на:

а) активности насочени кон приватни или лични придобивки на поединци;

б) политички партии, политички организации или поединци со политичка или партиска афилијација;

в) воени, паравоени или полициски организации;

г) организации или активности во кои вработен во Групацијата „Солвеј" или во Друштвото може да биде директен или индиректен корисник, поради потенцијален судир на интереси, освен доколку тоа е соодветно разгледано и одобрено согласно процедурите за усогласеност;

д) покривање на оперативни трошоци, патни трошоци или отплата на долгови на организацијата-примател.

Исклучоци од наведените ограничувања може да се разгледуваат исклучиво во оправдани случаи и подлежат на соодветно одобрување од надлежното тело за КОО. Таквите исклучоци може да се однесуваат на:

а) спонзорство на настани во исклучителни околности;

б) активности за помош при итни или хуманитарни ситуации;

в) ограничени проекти од локално значење;

г) активности на религиозни или верски организации кои имаат капацитет за спроведување на проекти од јавен интерес и се отворени за пошироката заедница;

д) други случаи одобрени од надлежното локално тело за КОО и, доколку е применливо, од соодветната функција на Групацијата.

Придонесите или членарините за трговски, деловни или професионални здруженија, како и други форми на членство, не се сметаат за активности во рамките на КОО.

**5.6 Обврски за буџет и финансирање**

Во согласност со принципите на Групацијата „Солвеј" и важечката законска регулатива во Република Северна Македонија, ДПТУ „Бучим" ДООЕЛ Радовиш обезбедува финансиски средства за спроведување на активностите во рамки на корпоративната општествена одговорност (КОО) преку годишно планирање и управување со буџетот.

Друштвото се обврзува на:

– воспоставување и управување со годишен буџет за КОО, кој се утврдува и одобрува во рамките на редовниот процес на буџетско планирање и во согласност со интерните политики и процедури на Групацијата;

контролирано и усогласено управување со средствата наменети за КОО.

-обезбедување континуирана и одговорна финансиска поддршка за одобрените КОО активности, вклучително и во случаи на преземени повеќегодишни обврски;
– поддршка на иницијативи со потенцијал за долгорочна одржливост;
– спроведување на донации и спонзорства во согласност со применливата законска регулатива, кога КОО активностите се реализираат во таа форма;
– спроведување на соодветна проверка (due diligence) на примателите и клучните партнери пред одобрување.
Пред одобрување, секој примател и клучен партнер е предмет на проверка за интегритет, која вклучува проценка на сопственичката структура, поврзани лица, можни судири на интереси, ризик од корупција и репутациски ризик. Доколку се утврди зголемен ризик, одобрувањето се врши врз основа на образложена одлука и со примена на дополнителни контролни мерки, во согласност со интерните процедури за усогласеност.
Кога Друштвото користи даночни поттикнувања согласно Законот за донации и спонзорства во јавните дејности, донацијата или спонзорството се реализира врз основа на договор и со соодветна придружна документација, во согласност со барањата на надлежните институции.
Буџетот за активности во рамки на КОО се планира и одобрува како дел од редовниот годишен процес на буџетско планирање на Друштвото.
Процесот на одобрување вклучува соодветни управувачки структури и релевантни функции, со цел да се обезбеди транспарентно, контролирано и усогласено управување со средствата наменети за КОО.

# 6| Управување и процеси за корпоративна општествена одговорност (КОО)

**6.1. Подигање на свесност и пристап до програмата**
ДПТУ „Бучим“ ДООЕЛ Радовиш обезбедува релевантните засегнати страни да бидат навремено и
транспарентно информирани за програмата за корпоративна општествена одговорност (КОО), нејзината цел,
условите за учество, критериумите за одлучување и постапката за аплицирање.
Овие услови вклучуваат:
– усогласеност со приоритетните области дефинирани во Анекс А;
– почитување на принципите за интегритет и ограничувањата утврдени во точка 5.5;
– придржување кон постапките за аплицирање, преглед и одобрување утврдени во точките 6.3 и 6.4.

Барањата за финансиска поддршка во рамки на КОО се поднесуваат во писмена форма, преку формализиран процес на аплицирање, и тоа преку електронска пошта (e-mail), доставување по пошта; или директно преку официјалната веб-страница на Друштвото, со поднесување на барање преку утврден формулар за донации и спонзорства.
Сите апликации се разгледуваат во согласност со критериумите и принципите утврдени во оваа Политика.

**6.2. Управување**

Со цел обезбедување ефикасно и транспарентно управување со активностите во рамки на корпоративната општествена одговорност (КОО), во ДПТУ „Бучим“ ДООЕЛ Радовиш се воспоставува Комитет за одржлив развој, кој ја координира, насочува и надгледува реализацијата на иницијативите во оваа област.
Комитетот за одржлив развој е составен од претставници на раководството на Друштвото, и тоа:

– Генерален директор
– Заменик генерален директор
– Директор за одржлив развој и комуникации
– Помошник на генерален директор за контрола, финансиски надзор и извештаи

Комитетот за одржлив развој е одговорен за:

– утврдување насоки и приоритети за планирање и спроведување на КОО активностите;
– разгледување и одобрување на предлози за иницијативи и проекти;
– одобрување и надзор над користењето на буџетот наменет за КОО;
– следење, оценување и насочување на спроведувањето и постигнатите резултати;
– обезбедување соодветно евидентирање, следење и известување за активностите кон Групацијата
– разгледување и одобрување на информации поврзани со јавна комуникација и известување.

**6.3. Апликација за финансирање**

ДПТУ „Бучим“ ДООЕЛ Радовиш воспоставува јасна и транспарентна постапка за поднесување и разгледување на барања за поддршка во рамките на програмата за КОО
Сите заинтересирани организации или институции кои аплицираат за финансиска или друга форма на поддршка се должни да достават писмен предлог-проект во согласност со утврдената процедура за аплицирање.
Апликацијата за финансирање треба да ги содржи најмалку следниве информации:

– Идентификација на потребата – опис на проблемот или потребата што проектот има за цел да ја адресира, заснована на релевантни податоци или анализи, каде што е применливо;

– Опис на проектот – краток преглед на предложената иницијатива, нејзината цел и планираните активности;
– Цели и очекувани резултати – јасно дефинирани цели на проектот, очекувани резултати и потенцијално општествено влијание, со можни квантитативни или квалитативни индикатори за мерење на постигнатите резултати;
– Структура на проектот и партнери – информации за организацијата-апликант и евентуалните партнери вклучени во спроведувањето на проектот, вклучително и нивниот капацитет и улога во реализацијата;
– Буџет и финансиски план – проценка на потребните финансиски средства, вклучително и износот на бараната поддршка, временската рамка за финансирање и можни извори на кофинансирање, доколку е применливо;
– План за реализација – временска рамка за спроведување на проектните активности;
– Следење и оценување – предложени методи и индикатори за следење на реализацијата на проектот и за мерење на неговото општествено влијание;
– Известување – опис на начинот на кој апликантот ќе обезбеди редовно известување за напредокот и резултатите од проектот.
– Одржливост и пренос на активностите – каде што е применливо, апликацијата треба да содржи информации за долгорочната одржливост на проектот, како и за можниот пристап за постепено завршување, локално преземање или пренос на активностите кон заедницата, институциите или други релевантни засегнати страни по завршување на поддршката од Друштвото.
Поднесените апликации се разгледуваат во согласност со критериумите и принципите утврдени во оваа политика, како и со расположливиот буџет за КОО

**6.4.Процес на преглед и одобрување**
ДПТУ „Бучим“ ДООЕЛ Радовиш воспоставува структуриран и транспарентен процес за разгледување и одобрување на барањата за поддршка во рамките на програмата за КОО. Процесот на преглед и одлучување се спроведува во согласност со утврдената процедура за аплицирање, критериумите дефинирани во оваа политика и надлежностите на управувачките структури на Друштвото.
Поднесените апликации се разгледуваат од страна на надлежните служби и се оценуваат врз основа на нивната усогласеност со приоритетните области, очекуваното општествено влијание, одржливоста на предложените активности и расположливиот буџет за корпоративни општествени инвестиции.
Во случај на одобрување на проект или иницијатива, Друштвото склучува соодветен договор со организацијата-приматен на поддршката. Договорите за КОО иницијативи се подготвуваат во согласност со применливите интерни политики и процедури на Друштвото, вклучително и релевантните правила за набавки и управување со трети страни.

Таквите договори, по правило, содржат:
– јасно дефинирани цели и активности на проектот;
– утврдена временска рамка и клучни пресвртници за реализација;
– обврски на страните во однос на користење на средствата;
– право на следење и ревизија на реализацијата на проектот од страна на Друштвото;
– обврска за редовно известување за напредокот и резултатите од проектот;
– други стандардни договорни услови во согласност со интерните политики и процедури на Друштвото.

# 7 | Мониторинг и известување

**7.1. Процес на мониторинг и евалуација**
ДПТУ „Бучим" ДООЕЛ Радовиш воспоставува и применува ефикасни процеси за мониторинг и евалуација на финансиските и нефинансиските перформанси на финансираните иницијативи за КОО, вклучувајќи дефинирани индикатори соодветни за мерење на нивниот успех.
Друштвото воспоставува постапка за континуирано следење и евалуација на проектите, како за време на нивната реализација, така и по нивното завршување, со цел да се обезбеди нивна усогласеност со дефинираните цели и задачи, како и нивна одржливост.

Областите за мониторинг и евалуација опфаќаат:

| | | |
|---|---|---|
| Мониторинг на перформансите Ефикснност) | Област | Дефинирање на проблемот во опсегот на проектот.<br>Образложение засновано на пристапот на споделена вредност (Shared Value). |
| | Инпути | Ресурси потребни за спроведување на програмата, вклучувајќи персонал, инфраструктура, финансиски инвестиции и распределба на време. |
| | Активности | Конкретни процеси и активности што се спроведуваат за постигнување на дефинираните цели во рамки на програматаа |
| | Аутпути | Квантитативно мерливи резултати или обем на реализирани активности како директен резултат од спроведувањето на програмата. |
| Евалуација нарезултатите (Ефективност) | Резултати | Очекувани резултати кои покажуваат како програмата ги адресира идентификуваните проблеми и создава влијание.<br>Промените што настануваат како резултат на спроведените активности, и тоа:<br>Долгорочни резултати – крајни цели кои одразуваат одржлива позитивна промена;<br>Среднорочни резултати – постепени подобрувања кои придонесуваат кон долгорочен успех;<br>Краткорочни резултати – непосредни и очекувани промени. |

**7.2. Известување**

Внатрешно известување

ДПТУ „Бучим“ ДООЕЛ Радовиш воспоставува и одржува централизирана база на податоци за сите иницијативи за КОО

Базата на податоци ја води Одделот за одржлив развој, во координација со релевантните организациски единици, и мора да содржи најмалку:

- назив на проект/иницијатива;
- партнер/примател;
- одобрен буџет и реализирани исплати;
- статус на реализација;
- соодветна документација и докази за реализација.

Друштвото обезбедува редовно ажурирање, точност и целосност на податоците, како и нивна усогласеност со интерните процедури и барањата на Групацијата.

Надворешно известување

Вкупниот износ на средства наменети за КОО активности од страна на ДПТУ „Бучим“ ДООЕЛ Радовиш се вклучува во Годишниот извештај и Извештајот за одржливост на Групацијата.

Овие податоци можат да бидат предмет на надворешна ревизија и се вклучуваат и во месечните деловни и извештаи за одржливост.

Јавно достапниот Извештај за одржливост на Групацијата може да содржи подетален преглед на КОО активностите, вклучувајќи распределба на трошоците по категории и региони, врз основа на податоци доставени и потврдени од Друштвото.

Надворешното комуницирање, вклучувајќи соопштенија за јавност, објави на социјални медиуми и други форми на комуникација поврзани со КОИ активностите, се усогласува и одобрува во согласност со интерните правила и применливите политики за комуникација.

## 7.3. Анекси

### Анекс А: Приоритетни области на КОО / Донации и спонзорства

| Приоритетна област | Опис |
|---|---|
| **Социјална поддршка и инклузија** | Поддршка на хуманитарни активности, помош за ранливи категории на граѓани и иницијативи за социјална инклузија и еднакви можности, вклучително и поддршка на лица со попреченост и проекти за подобрување на квалитетот на живот. |
| **Образование, млади и развој на таленти** | Поддршка на образованието и развојот на младите преку стипендии, донации за училишта, практична настава и едукативни програми, со цел јакнење на знаењата, вештините и потенцијалот на младите. |
| **Здравје, спорт и благосостојба** | Поддршка на иницијативи поврзани со здравјето, вклучително медицинска опрема, здравствени кампањи и активности за здрава исхрана, како и спортски клубови, настани и рекреативни активности кои поттикнуваат здрав начин на живот. |
| **Култура, уметност и културно наследство** | Поддршка на културни и уметнички активности, вклучително изложби, концерти и манифестации, како и иницијативи за зачувување на културното наследство, традицијата и локалниот идентитет. |
| **Животна средина** | Поддршка на активности за заштита на животната средина, како што се пошумување, акции за чистење, еко-едукација и локални еколошки проекти, со цел подигнување на еколошката свест и одржливо управување со ресурсите. |
| **Локален развој и инфраструктура** | Поддршка на иницијативи за подобрување на локалната инфраструктура и условите за живот, вклучително јавни површини, патишта, водоснабдување и осветлување, како и активности кои придонесуваат за локален економски развој. |
| **Волонтеризам и граѓански активизам** | Поддршка на невладини организации, волонтерски иницијативи и активности кои поттикнуваат граѓанска вклученост, солидарност и активно учество во заедницата. |
| **Безбедност и превенција** | Поддршка на иницијативи за унапредување на безбедноста, вклучително сообраќајна безбедност, цивилна заштита и обуки за прва помош, со цел намалување на ризиците и заштита на заедницата. |
| **Стручни настани и конференции** | Поддршка на учество и организација на стручни конференции, симпозиуми и форуми кои придонесуваат за размена на знаење, професионален развој и унапредување на експертизата. |

## Анекс Б: Дефиниции

| Поим | Дефиниција |
|---|---|
| **Спонзорство** | Доброволна финансиска поддршка, обезбедување добра или услуги за конкретен проект или активност, при што давателот остварува директна корист, како што е промоција на име, бренд или заштитен знак, во согласност со важечката законска регулатива. |
| **Корпоративна општествена одговорност (КОО)** | Стратешки и интегриран пристап преку кој Друштвото доброволно вложува средства, знаење и ресурси во активности што придонесуваат за одржлив развој, благосостојба на заедницата и создавање долгорочно позитивно општествено влијание. |
| **Општествена корист** | Придобивки за заедницата кои произлегуваат од проекти или активности во области како образование, здравје, животна средина, инфраструктура и социјална поддршка. |
| **Донација** | Доброволна и безусловна поддршка во пари, добра или услуги, која не создава директна корист за давателот ниту обврска за враќање од страна на примателот, во согласност со важечката законска регулатива. |
| **Хуманитарен придонес** | Вид на донација насочена кон поддршка на ранливи категории, здравствени потреби, кризни ситуации или други активности од јавен интерес. |
| **Доверба и прифатеност од заедницата** | Ниво на доверба, прифатеност и поддршка од страна на локалната заедница и засегнатите страни кон активностите на Друштвото. |
| **Засегнати страни** | Сите лица, групи или организации кои можат да бидат засегнати од активностите на Друштвото или имаат можност да влијаат врз неговото работење. |
| **Споделена вредност** | Пристап преку кој Друштвото создава економска вредност на начин што истовремено создава вредност и за општеството, преку адресирање на општествени предизвици. |

# 8 | Историја на промени

| Дата | Верзија | Опис на промена |
|---|---|---|
| 18.05.2026 | 1.0 | Креирање |



**ПТУ Бучим ДООЕЛ Радовиш**

Адреса
Маршал Тито бб
2420 Радовиш
Република Северна Македонија

+389 (032) 637 004
contact@bucim.mk

# Политика за корпоративни општествена одговорност (КОО)

Идентификационен број ПОЛ.000.023
Во сила од 18.05.2026

МИНЕРАЛИ ЗА ИДНИНАТА
MINERALS FOR THE FUTURE
РУДНИК ЗА БАКАР БУЧИМ | COPPER MINE BUCIM